# ДОГОВОР Бр.________

**За засновање на претплатнички однос склучен на ден _________ година помеѓу:**

**Име на оператор/ Назив: ДПТУ Глобал-Комуникација ДООЕЛ. ул. Први Мај бр.3, 2420 Радовиш**
во понатамошниот текст Оператор, од една страна и

**Име и презиме: ______________________**

**Адреса: _________________, 2420 Радовиш со ЕМБГ: _______________________**

(во понатамошниот текст како Претплатник)

## ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

**Чл. 1**

Предмет на овој Договор е уредување на правата, обврските и одговорностите на договорните страни.
Целта на овој Договор е засновање на претплатнички однос за обезбедување пристап кон јавната комуникациска мрежа и користење на јавните комуникациски услуги, под услови утврдени со овој Договор, Законот за електронските комуникации, и други закони и прописи донесени врз основа на нив.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Чл. 2**

Со склучувањето на овој Договор, Операторот му дава пристап на Претплатникот кон основните услуги на јавната комуникациска мрежа, како и право на користење на дополнителни услуги.
Основната услуга што ја обезбедува Операторот е интернет.

## ОБВРСКИ И ПРАВА НА ОПЕРАТОРОТ

**Чл. 3**

**Операторот се обврзува:**

Да настојува да обезбеди добра и квалитетна услуга на Претплатникот, во согласност со Законот, Правил-никот и други прописи и акти донесени врз основа на нив, при што ги користи сите технички средства што му се на располагање.
Да овозможи пристап и активирање на јавните комуникациски услуги во рок од 5 работни дена од денот на склучување на овој Договор.
После извршувањето на работите околу приклучокот, да обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку дојде до дефект на мрежата, Оператерот се обврзува во најкраток можен временски рок да одговори на рекламацијата на Претплатникот и тоа во рок од 24 часа од неговото настанување.
Да ги утврди цените за пристап и користење на јавните комуникациски услуги во Ценовникот.
За користење на услугите да изготви фактура (сметка) за Претплатникот за секој месец и да му ја достави на соодветната адреса.
Да обезбеди согласност за добивање на информации за цели на директен маркетинг.
Да овозможи на барање на претплатникот мирување на претплатничкиот договор најмногу еднаш во календаркста година во траење не подолго од три месеци, при што претплатничките договори што се склучени на определено задолжително времетраење се продолжуваат за време колку што претплатничкиот договор бил во мирување.
Операторот да го извести претплатникот во рок не пократок од 30 дена пред истекот на времетраењето на претплатничкиот договор на писмено дека претплатничкиот договор престанува да важи поради истекот на неговото времетраење.

**Чл. 4**

**Операторот има право:**

Да врши преглед и контрола на исправноста на инсталираната опрема и инсталациите на Претплатникот.
Да пристапи кон конечно прекинување на услугите во случај на злоупотреба или постојано одложување на плаќањето.
Привремено да го ограничи/прекине пристапот кон јавните комуникациски услуги во следниве случаи:
- доколку тоа е потребно заради реконструкција, модернизација, одржување или во случај на технички пречки или недостатоци на мрежата, до завршување на работите или отстранување на пречките;
- доколку Претплатникот не ја плати сметката и во дополнителниот рок определен за плаќање во неа, до целосно плаќање на истата, освен во случај на поднесен приговор за износот, до конечност на истата;
- доколку Претплатникот ја користи претплатничката линија и соодветната комуникациска опрема за давање на комуникациски услуги на други лица;
- ако Претплатникот не дозволи преглед на инсталираната опрема и инсталации, до извршување на прегледот;
- ако Претплатникот приклучи друга опрема која што не е во согласност со важечките прописи;

За повторно вклучување поради ненавремено плаќање или неплаќање на сметката, да го задолжи Претплатникот покрај заостанатиот долг, да плати надоместок за повторно приклучување, во согласност со Ценовникот на Операторот.

**Чл. 5**

Операторот не е одговорен за неправилно користење на услугите од страна на Претплатникот.
Операторот не ја контролира и во ниеден случај не ја гарантира содржината на податоците пренесени или разменети помеѓу Претплатникот и било која друга страна.
Операторот има право да ги доставува податоците со кои располага за Претплатникот на надлежен државен орган, врз основа на доставеното барање во постапка предвидена со закон.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

**Чл. 6**

**Претплатникот има право:**

На преселување на приклучокот, односно комуника-циската услуга во рамките на комуникациската мрежа на друга адреса, со поднесување на писмено барање и писмен доказ за подмирен вкупен долг за што плаќа еднократен надомест, согласно Ценовникот.
Претплатникот има право на приговор против одлуките или активностите на Операторот во врска со пристапот или обезбедување на услугите.
Приговорите се доставуваат во писмена форма до службата за грижа за корисници на Операторот. Приговорот до Операторот се поднесува во рок од 15 дена

од денот на приемот на одлуката, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.

Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесување на конечна одлука, Претплатникот е должен да го плати само износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката.

Операторот има обврска да одлучи по приговорот во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот и за тоа писмено да го извести Претплатникот. Доколку Претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), како независно регулаторно тело во областа на електронските комуникации во Република Македонија.

Доколку Операторот не постапи по приговорот во рокот утврден во став 11 од овој член, Претплатникот има право да побара заштита на своето право пред АЕК, во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

Претплатникот има право на достапност до службата за грижа за корисници на АЕК, на бесплатниот телефонски број 190, како и до службата за грижа за корисници на Операторот, на телефонскиот број 032/524-717 и 077/560-850

**Чл. 7**

**Претплатникот има обврска:**

Навремено да ги плаќа фактурираните износи за користените јавни комуникациски услуги, во рокот наведен во фактурата (сметката) и во случај на поднесен приговор за износот на сметката.

Непримањето на сметката не го ослободува Претплатникот од обврската да го плати долгот на време.

Да ги користи комуникациските услуги исклучиво за сопствени потреби согласно нивната намена.

Претплатникот се обврзува дека приклучокот не смее да го отстапува на друго лице или да дозволи неовлас-тено приклучување на јавната комуникациска мрежа. Во случај да го стори тоа, ќе биде исклучен без прет-ходно известување и ќе биде должен на Операторот да му ја надомести претрпената штета.

Во рок од 15 дена писмено да го извести Операторот за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој Договор, а кои се неопходни за непречено доставување на известувањата и фактурите (сметките). За штетите настанати со непочитување на оваа обврска, Операторот не презема одговорност.

Доколку дојде до промена на сопственоста на станот, претплатникот е должен веднаш да го извести Операторот за настанатата промена и должен е да ги подмири сите свои обврски кон Операторот, а доколку новиот сопственик сака да ги користи услугите на Операторот, се склучува нов договор.

Да овозможи пристап до инсталираната опрема на овластените лица на Операторот.

Да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или нанеле штета на мрежата дури и ако биде исклучен од неа. Доколку постапи спротивно, должен е да ја надомести штетата.

Да ги сноси трошоците за отстранување на дефектите на уредите и мрежата, предизвикани по негова вина.

Во случај на недобивање на месечната сметка, да се информира во службата за грижа со корисници на Операторот и да побара изготвување на истата.

Комуникациската опрема сопственост на Операторот, да ги чува и одржува со внимание на добар домаќин и во исправна состојба.

Секое евентуално оштетување на опремата на Операторот, настанато по вина на Претплатникот, должен е да ја надомести направената штета.

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Чл. 8**

Претплатникот се обврзува да плати еднократен непо-вратен надомест за почетно приклучување на мрежата согласно актуелниот Ценовник на Операторот.

Операторот ги утврдува цените за приклучок и користење на јавните електронски комуникациски услуги во ценовник кој е јасен, разбирлив и јавно достпен на веб страната на операторот и во неговите официјално продажни места:

1. Месечен надомест за интернет 500,00 ден.
2. Вредност на опремата дадена на користење за интернет 4000,00 ден.
3. Времетраењето на Договорот е на 24 месеци.
4. Услугата ќе се активира од датум: 01,01,2019 год.

Плаќањето на основните и дополнителните услуги се врши месечно, по доставена фактура (сметка), во ро-кот наведен во истата, во согласност со цените и тари-фите, содржани во Ценовникот на Операторот.

Крајниот рок за доставување на сметката, за корисници кои склучиле договор на определено време, за тековниот месец е 5ти во тековниот месец, а краен рок за плаќање е 15ти истиот месец. Доставување на сметките до Претплатникот се врши преку Македонска Пошта или преку овластени инкасатори од страна на Операторот. Доставувањето на писменото може да се врши и во електронска форма, доколку операторот има согласност од претплатникот за достава на писменото во електронска форма, вклучително и е-маил адреса преку која ќе се врши доставата.

Во случај на ненавремено плаќање, Операторот има право да пресметува законска затезна камата, од денот кога Претплатникот започнал со задоцнување на плаќањето. Доколку Претплатникот не ја плати сметката во рокот за плаќање определен во неа, Операторот со писмено известување ќе му определи дополнителен рок за плаќање на истата. Доколку Претплатникот не ја плати сметката и во дополнителниот рок за плаќање, Операторот има право времено да го прекине пристапот до услугите, до целосно плаќање на долгот. Додека е исклучена услугата а Договорот не е раскинат, месечната претплата продолжува да тече.

Операторот повторно ќе го приклучи Претплатникот, во рок од 3 часа, по презентирање на писмен или електронски доказ за подмирениот долг.

Операторот ќе ги врати паричните средства на Претплатникот, во наредната сметка, во случај на:

- привремен прекин на претплатничката линија поради пречки на линијата, за износ пропорционален на деновите кога линијата била во прекин, но само доколку прекинот траел повеќе од 3 часа. Во овој случај Операторот нема да сноси одговорност за било каква индиректна штета причинета на Претплатникот, поврзана со изгубена добивка, пропуштени можности во тргувањето, изгубен углед и сл.;
- во случај на основан приговор од страна на Претплатникот за утврдена неточна обработка на податоци, доколку редовно ги подмирува своите обврски, во висина на погрешното задолжување;
- во случај кога Претплатникот го откажува натамошното користење на услугите, доколку има депонирани средства како аванс, Операторот ќе изврши враќање на депонираните средства, по подмирувањето на вкупниот долг на претплатникот.

## ВИША СИЛА

**Чл. 9**

Користењето на услугите кои ги обезбедува Опера-торот може да биде прекинато поради дејство на виша сила. Под виша сила се подразбира настан, независен од волјата на договорните страни, чие настапување не можело да се спречи или предвиди или поради кој, исполнувањето на обврските по Договорот станало отежнато или невозможно, вклучувајќи, но не ограни-чувајќи се на: природни настани, општествени наста-ни, (штрајк, немири, војни), акти на јавната власт, нарушување во функционирањето на системот.

При невреме (грмотевици) се препорачува инсталираната опрема кај Претплатникот да се исклучи од електрично напојување.

Операторот не сноси никаква одговорност кон Претплатникот за евентуален пренос на дефектот на мрежата, предизвикан од страна на трето лице или настан на виша сила.

## ПРОМЕНИ НА УСЛОВИТЕ НА ДОГОВОРОТ

**Чл. 10**

Во согласност со развојната програма, техничките планови и пазарните услови, Операторот има право на измени на условите на овој Договор, со претходно писмено известување на Претплатникот, во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените.

Претплатникот без последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.

Се смета дека Претплатникот се согласил со промените на условите на овој Договор доколку во рок од 30 дена од известувањето, писмено не го извести Операторот дека го раскинува Договорот.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Чл. 11**

Претплатникот може да го раскине Договорот лично, со поднесување на писмено барање, при што е должен да ги подмири сите доспеани обврски кои ги има кон Операторот.

Претплатникот и по раскинувањето на Договорот ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, ако и евентулно се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на Претплатникот.

При раскинувањето на Договорот, Претплатникот е обврзан да ги врати комуникациските средства во сопственост на Операторот во исправна состојба во рок од 3 дена. Операторот ја утврдува исправноста на опремата при превземањето. При евентуално оштетување на опремата Претплатникот е должен да ја плати опремата во полн износ.

Во случај на раскинување на Договорот пред истекот на рокот за кој што е склучен, Претплатникот е должен да плати надомест за предвремено раскинување на Договорот и тоа:

- да ги подмири сите обврски за инсталирање на опремата во износ дефиниран од страна на Операторот,
- да плати договорна казна во износ од 4500 ден.
- договорот на Претплатникот ќе му биде раскинат предвремено во рок од 7 дена од денот на доставување на барањето за раскинување на договорот.

Операторот не треба да одбие раскинување на претплатнички договор по барање на претплатник.

Операторот може веднаш да го раскине Договорот, особено:

- Доколку Претплатникот не ги плаќа редовно и во определениот рок доспеаните месечни надоместоци, со писмено предупредување ќе се определи дополнителен рок за плаќање. Доколку и после овај рок не го плати заостанатиот долг, Договорот ќе биде раскинат а Претплатникот исклучен од мрежата на Операторот.
- Доколку јавната комуникациска услуга се користи за цел спротивна на условите од овој Договор;
-Доколку Претплатникот ја користи претплатничката линија за давање на комуникациски услуги на трети лица;
-Доколку Операторот не е во состојба да ги обезбедува условите поради дејство на виша сила подолго од три месеци;

Во случај на раскинување на овој Договор, сите финансиски обврски на Претплатникот кон Операторот доспеваат веднаш.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Чл. 12**

Како составен дел на овој Договор се сметаат Прило-зите и Обрасците, како и електронските записи од евиденцијата на Операторот.

**Чл. 13**

Сите спорови договорните страни ќе ги решаваат спогодбено. Доколку спорот не може да се реши спогодбено, надлежен е Основен суд Радовиш

**Чл. 14**

Овој Договор е подготвен во 2(два) еднакви примероци, од кои по 1(еден) за двете договорни страни.

Оператор

Претплатник



Рекламирана брзина **X/X mbit/s**

## Интернет пакет

30 Mbit/s

**Минимална брзина** **X/X Mbit/s**

**Овој интернет пакет може да се користи за гледање на видеа на Youtube или слични сервиси, комуникација (Skype, Viber ), download на различни програми итн.**

**Овој интернет пакет е со неограничен сообраќај што значи дека нема намалување на брзина или исклучување по остварување на одредена количина на сообраќај**

**Остварениот сообраќај корисниците можат да го проверат на http://hotspot.gnc.mk/status**